Врз основа на член 63, став 1, алинеја 7 од Законот за високото образование, Наставно-научниот совет при Технички факултет-Битола, на седницата одржана на 22.12.2015 год. донесе

# О Д Л У К А

## за избор на наставник

1. Доцент д-р Наташа Мојсоска, се избира во звањето вонреден професор од областите:Електротехника, Електроенергетика, Електрични машини, трансформатори и апарати и Електромоторни погони, за време од 5 години.

2. Исплатата по оваа одлука за звањето вонреден професор ќе се врши почнувајќи од 01.10.2016 година.

3.Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 02.06.2016 година.

## О б р а з л о ж е н и е

На конкурсот објавен во весникот „Вест" и весникот „Коха" од 02.10.2015 година за избор на наставник во сите наставно-научни звања од областите: Електротехника, Електроенергетика, Електрични машини, трансформатори и апарати и Електромоторни погони, се пријави кандидатот доц.д-р Наташа Мојсоска.

Рецензентската комисија формирана од Наставно-научниот совет, поднесе писмен реферат објавен во билтенот на Универзитетот „Св.Климент Охридски" Битола бр.407 од 01.12.2015 год. со предлог кандидатот д-р Наташа Мојсоска, да биде избрана во звањето вонреден професор од горенаведените области.

На референтот не е/се поднесен/и приговор/и.

Наставно-научниот совет ценејќи ги сите околности околу изборот одлучи како во изреката.

Доставено до: наставникот, архивата, досието.

Бр.02- 952/4
22.12.2015 год.
Б и т о л а

Наставно-научен совет
Декан
Ред. проф. д-р Стојанче Нусев